РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, преку web формата на Државната комисија доставено е Барање за мислење, во врска со тоа дали постои судир на интереси доколку стручно лице кое било член во Комисијата за стручна контрола на проектот за конзервација и реставрација на 10 икони на црквата „Св. Илија“ с. Блатец е член на стручниот тим што ќе го реализира споменатиот проект односно ќе врши конзервација и реставрација на споменатите икони.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Во конкретниот случај за кој се бара мислење Државната комисија смета дека треба да се имаат во предвид следните одредби од Законот за спречување на корупција и судир на интереси:

Член 4 - Начело на интегритет:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
**(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.**

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го утврдува значењето на поимот „судир на интереси“:

„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“

Согласно член 8 став (2) од истиот закон: Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и **вработените во јавниот сектор**.

Имајќи ги во предвид горе цитираните одредби, Државната комисија е на став, доколку стручното лице за кое се бара мислење претставува службено лице согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот, кое било член во Комисија за стручна контрола на проектот за конзервација и реставрација на 10 икони на црквата „Св. Илија“ с. Блатец но сега ќе биде член на стручниот тим што ќе го реализира споменатиот проект односно ќе врши конзервација и реставрација на споменатите икони, претставува можност за влијание на приватниот интерес на службеното лице врз непристрасното вршење на јавните овластувања/службени должности, односно доведување во состојба на судир на интереси и постапување спротивно на законски утврденото начело на интегритет.

Согласно претходно наведеното, Државната комисија известува дека исто службено лице не може да врши контрола на проект, а после тоа како дел од тим да биде вклучено и да го реализира истиот проект.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**